**Република Северна Македонија**
**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ**

Врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013 бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/225), Регулаторната комисија за домување издава

# ***Л И Ц Е Н Ц А***

**ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**
**НА**

**“ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП” ДООЕЛ Скопје**

---

**ул.”Љубљанска” бр.14 дп.бр.1 Скопје**
**ЕМБС 7911521**

---

**ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО** 25.02.2031 год.

**Број Уп08-05/3**
**Дата 25.02.2026год**

**Претседател на Регулаторна комисија за домување**
**М-р Зоран Маџовски**

М.П.

**До:** "ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Скопје
Ул."Љубљанска" бр.14 дп.бр.1
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-05
**Дата:** 24.02.2026 г

**Предмет:** Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013 бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025), и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 24-02-2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата "ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 1000 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

"ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација  во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за едно лице со високо образование со полно работно време и две лица со завршено средно образование со полно работно време)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП” ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025).

На ден 24.02.2026г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “ЛУКАРД ДЕВЕЛОПМЕНТ ГРУП” ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска